# „Возвишениот Аллах рекол: Го поделив намазот (Сура ел-Фатиха) помеѓу Мене и мојот роб на два дела, и на Мојот роб му припаѓа она што ќе го побара

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, рекол: Го слушнав Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Возвишениот Аллах рекол: Го поделив намазот (Сура ел-Фатиха) помеѓу Мене и мојот роб на два дела, и на Мојот роб му припаѓа она што ќе го побара. Па кога робот ќе рече: (ЕЛХАМДУ ЛИЛЛАХИ РАББИЛ ‘АЛЕМИН) - (Секоја благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите), Возвишениот Аллах вели: „Ми се заблагодари Мојот роб.“ Кога ќе рече: (ЕР-РАХМАНИР-РАХИМ), (Семилостив, Милостивиот) Аллах вели: „Мојот роб Ми искажа пофалби.“ Кога ќе рече: (МАЛИКИ ЈЕВМИД-ДИН), (Владетелот на Судниот ден) Возвишениот Аллах вели: „Мојот роб Ме возвелича.“ Исто така рекол: „Мојот роб целосно Ми ги довери сите негови работи.“ Кога ќе рече: (ИЈЈАКЕ НА‘БУДУ ВЕ ИЈЈАКЕ НЕСТЕ‘ИН), (Ние само Тебе Те обожуваме и само од Тебе помош бараме), Возвишениот Аллах вели: „Ова е помеѓу Мене и Мојот роб, и на Мојот роб му припаѓа она што ќе го побара.“ А кога ќе рече: (ИХДИНАС-СИРАТАЛ МУСТЕКИМ, СИРАТАЛ-ЛЕЗИНЕ ЕН‘АМТЕ АЛЕЈХИМ, ГАЈРИЛ МАГДУБИ АЛЕЈХИМ ВЕЛЕД-ДААЛЛИН}, (Упати нè на Вистинскиот пат. На патот на оние на кои им ја подари Твојата благодат, а не на патот на оние врз коишто гневот Свој го разлеа, ниту патот на оние што во заблуда скршнаа) Возвишениот Аллах вели: „Ова е за Мојот роб, и на Мојот роб му припаѓа она што го бара.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, известил дека Возвишениот Аллах во Хадис ел-Кудси рекол: „Ја поделив сурата Ел-Фатиха во намазот на два дела – едниот дел е за Мене, а другиот за Мојот роб.“ Првата половина е благодарност, пофалба и величење на Аллах, за што Јас ќе му дадам најдобра награда. Втората половина е понизност и дова, на кои Јас ќе одговорам и ќе му дадам што ќе побара. Кога тој што клања ќе рече:(ЕЛХАМДУ ЛИЛЛАХИ РАББИЛ ‘АЛЕМИН) - (Секоја благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите), Возвишениот Аллах вели: „Ми се заблагодари Мојот роб.“ Кога ќе рече: (ЕР-РАХМАНИР-РАХИМ), (Семилостив, Милостивиот), Аллах вели: „Мојот роб Ми искажа пофалби, Ме пофали и Ми призна дека сум Дарител на благодати за Моите созданија.“ Кога ќе рече: (МАЛИКИ ЈЕВМИД-ДИН), (Владетелот на Судниот ден), Аллах вели: „Мојот роб Ме возвелича“, а тоа е највисоката чест. Кога ќе рече: (ИЈЈАКЕ НА‘БУДУ ВЕ ИЈЈАКЕ НЕСТЕ‘ИН}, (Ние само Тебе

Те обожуваме и само од Тебе помош бараме), Возвишениот Аллах вели: „Ова е помеѓу Мене и Мојот роб.“ Првата половина од овој ајет му припаѓа на Аллах, а тоа е: „Само Тебе Те обожуваме“ – што претставува признавање на Неговата божественост (Улухијјех) и одговор со покорност во обожувањето. Со тоа завршува делот што му припаѓа на Возвишениот Аллах. А втората половина од овој ајет му припаѓа на човекот, а тоа е: „И само од Тебе помош бараме“ – што претставува барање помош од Аллах и Неговото ветување за поддршка. А кога ќе рече: (ИХДИНАС-СИРАТАЛ МУСТЕКИМ, СИРАТАЛ-ЛЕЗИНЕ ЕН‘АМТЕ АЛЕЈХИМ, ГАЈРИЛ МАГДУБИ АЛЕЈХИМ ВЕЛЕД-ДААЛЛИН}, (Упати нè на Вистинскиот пат. На патот на оние на кои им ја поклони Твојата благодат, а не на патот на оние врз коишто гневот Свој го разлеа, ниту патот на оние што во заблуда скршнаа) Возвишениот Аллах вели: „Ова е понизност и молба од Мојот роб, и нему ќе му биде дадено тоа што го побара. Веќе ја прифатив неговата дова.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65099

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee